Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 13 јули 2022 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К
за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 1

Со Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија бр. 02-15382/2 од 14.09.2015 година, бр. 02-19053/1 од 11.11.2015 година, бр. 02-3799/1 од 09.03.2016 година, бр. 02-3304/3 од 28.02.2018 година, бр. 02-8486/1 од 07.06.2018 година, бр. 02-10240/1 од 11.07.2018 година, бр. 02-13635/1 од 21.09.2018 година, бр. 02-14270/1 од 08.10.2018 година, бр. 02-15270/1 од 26.10.2018 година, бр. 02-17714/1 од 28.10.2019 година, бр. 02-8331/1 од 22.06.2020 година, бр. 02-16219/1 од 17.12.2020 година, бр. 02-3093/1 од 25.02.2021 година, бр. 02-4872/1 од 05.04.2021 година, бр. 02-14356/1 од 04.10.2021 година, бр. 02- 16416/1 од 19.11.2021 година и бр. 02-18102/1 од 15.12.2021 година.

Член 2

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава “IV.СЕКТОР ЗА КОНТРОЛА” во “IV. 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОНТРОЛА” во “IV.1.3 ОДДЕЛ ЗА КОНТРОЛА НА УСТАНОВИ ОД БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА” во точката “21-А.ФЗО0102В03001”која гласи: “Стручен соработник за контрола на здравствени установи” во делот на видот на образование “Медицински науки и здравство, правни науки, економски науки.” **се менува и гласи “Медицински науки и здравство, правни науки, економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)”.**

Член 3

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава “I.А-СЕКТОР ЗА КОМУНИКАЦИЈА И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА” во “1 А.1.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА” по точката “5.ФЗО0102В04001” која гласи: “Соработник за организација на протоколарни активности” **се додава нова точка “5-А. ФЗО0102Г03001” која гласи: “Референт за организација на протоколарни активности”.**

Реден број и шифра	**5-А.ФЗО0102Г03001**
Звање на работно место	**Референт III ниво – централа**
Назив на работно место	**Референт за организација на протоколарни активности**
Број на извршители	1
Вид на образование	Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	- Ефикасно извршување на работните задачи кои се однесуваат на организациј. на протоколарни активности.
Работни задачи	1. Врши работи поврзани со подготовки за прием на домашни и странск делегации; 2. Врши активности во насока на подготовка на работни посети на претставниц на странски органи и институции; 3. Организира транспорт, сместување и друга логистичка поддршка на странск гости и претставници на странски делегации кои се во посета на ФЗОРСМ;
Одговара пред	Раководител на одделение за комуникација и административна поддршка.

Член 4

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "II. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во "II.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во точката "4.ФЗО0102В03001"која гласи: "Стручен соработник за управување со човечки ресурси" во делот на видот на образование "Организациски науки и управување(менаџмент), наука за книжевност, социјална работа и социјална политика" **се менува и гласи "Организациони науки и управување (менаџмент), наука за книжевност, социјална работа и социјална политика, образование".**

Член 5

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "II. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во "II.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во точката "12.ФЗО0102Г01002" која гласи: "Референт-координатор за обработка на податоци за изготвување на плата" во делот на видот на образование "Економско ." **се менува и гласи "Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование".**

Член 6

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "III . СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ" во "III.1.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ" во точката "3-А. ФЗО0102В04001"која гласи: "Соработник за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување" во делот на видот на образование "Јавна администрација, правни и економски науки." **се менува и гласи "Јавна управа и администрација, правни науки, економски науки, образование.".**

Член 7

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "IV.СЕКТОР ЗА КОНТРОЛА" во "IV. 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОНТРОЛА" во "IV.1.3 ОДДЕЛ ЗА КОНТРОЛА НА УСТАНОВИ ОД БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА" во точката "20.ФЗО0102В01002"која гласи: "ДСГ Контролор" во делот на видот на образование "Економски науки." **се менува и гласи "Економски науки, организациони науки и упраување (менаџмент)".**

Член 8

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "IV.А СЕКТОР ЗА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА И СПЕЦИФИЧНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ" во "IV.А.2.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОТЦЕНКА ЗА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА(БОЛЕДУВАЊЕ) И ДРУГИ ПРАВА ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ" во точката "12.ФЗО0102В03001" која гласи: "Стручен соработник за отценка за привремена спреченост за работа(боледување) и други права од надлежност на лекарските комисии" **бројот на извршители "6" се брише и се заменува со нов број кој гласи: "5".**

Член 9

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "VII. СЕКТОР ЗА СМЕТКОВОДСТВО,ТРЕЗОР И ЈАВНИ НАБАВКИ" во "VII.3.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ" во точката "19.ФЗО0102В01001"која гласи: "Стручен соработник за извршување (реализација на набавките) и следење на договорите за јавна набавка кои потекнуваат од одделението за јавни набавки" во делот на видот на образование "Економски науки, правни науки." **се менува и гласи "Економски науки, правни науки, образование.".**

Член 10

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "VIII. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИКА" во "VIII.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ, АНАЛИТКА, ДСГ И ТРЕЗОР" во "VIII.2.1. Оддел за апликативен софтвер" во точката "19.ФЗО0102Г01002"која гласи: "Референт I ниво" во делот на видот на образование "Природно-математичка гимназија, електро-техничка гимназија." **се менува и гласи "Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование".**

Член 11

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "VIII. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИКА" во "VIII.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ, АНАЛИТКА, ДСГ И ТРЕЗОР" во "VIII.2.2 ОДДЕЛ ЗА АНАЛИТИКА И ДСГ" во точката "23.ФЗО0102Г01002"која гласи: "Референт I ниво" во делот на видот на образование "Електротехничка насока, природноматематичка насока или средно образование." **се менува и гласи "Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование".**

Член 12

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "VIII. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИКА" во "VIII.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ, АНАЛИТКА, ДСГ И ТРЕЗОР" во "VIII.2.1. Оддел за апликативен софтвер" по точката "18-А.ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за проектирање и програмирање, аналитика, ДСГ и трезор" **се додава нова точка "18-Б. ФЗО0102В01001" која гласи: "Стручен соработник за проектирање и програмирање, аналитика, ДСГ и трезор".**

Реден број и шифра	**18-Б.ФЗО0102В01001**
Звање на работно место	**Стручен соработник - централа**
Назив на работно место	**Стручен соработник за проектирање и програмирање, аналитика, ДСГ и трезор**
Број на извршители	1
Вид на образование	Информатика, електротехника, компјутерска техника и информатика
Други посебни услови	Поседување на ИТ сертификати
Работни цели	- Осовременување на ИТ системот - Обезбедување на систем за заштита и контрола на процесите и податоците; - Координирање на работата со информативниот систем во ФЗОРСМ и подрачните служби; - Унапредување и развој на апликативниот софтвер во ФЗОРСМ.
Работни задачи	1. Дава мислење и стручни упатства за информативниот систем во централата и во подрачните служби на ФЗОРСМ заради подобрување на ефикасноста на истиот и препорачува решенија согласно барањата, политиките и законската регулатива; 2. Учествува во изготвување упатства, информации и анализи поврзани со апликативниот софтвер; 3. Го прати развојот на апликативниот софтвер во ФЗОРСМ, прати современи достигнувања во подрачјето на ИС и предлага мерки за унапредување на функцијата на апликативниот софтвер; 4. Учествува во изготвувањето на сите проектни барања од страна на останатите сектори во ФЗОРСМ, учествува во анализа на проектираните решенија за кои треба да се врши програмирање, припрема и проектира процедури за контрола на проектот; 5. Учествува во воведувањето на проектираниот систем и неговото усовршување и учествува во организрање на корисниците во фазата на воведување и извршување на предвидените работи; 6. Учествува во планирање и изработување на методолошки основи за изработување на интерна и екстерна ревизија; 7. Ги анализира добиените програмски спецификации и предлага потребни побарувања.
Одговара пред	Шеф на оддел за апликативен софтвер.

Член 13

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "VIII. СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИКА" во "VIII.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ, АНАЛИТКА, ДСГ И ТРЕЗОР" во "VIII.2.1. Оддел за апликативен софтвер" во точката "18-А.ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за проектирање и програмирање, аналитика, ДСГ и трезор" бројот на извршители "7" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "5".**

Член 14

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА СКОПЈЕ,** во "I.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВО ОД ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ" во точката "12.ФЗО0102Г03001"која гласи: "Референт за пресметување на надомест на боледување" во делот на видот на образование "Економско,гимназија" **се менува и гласи "Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование".**

Член 15

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА СКОПЈЕ,** во "I.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВО ОД ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ" во точката "14.ФЗО0102Г03001"која гласи: "Референт за пријави и одјави" во делот на видот на образование "Економско,гимназија" **се менува и гласи: "Вишо/средно гимназиско или средно стручно образование".**

Член 16

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА СКОПЈЕ,** во "I.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВО ОД ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ" во точката "16.ФЗО0102В04001"која гласи: "Соработник за комплетирање документација за остварување право од здравствено осигурување" во делот на видот на образование "Социјална работа и социјална политика, јавна администрација, економски науки" **се менува и гласи: "Социјална работа и социјална политика, јавна управа и администрација, економски науки, правни науки".**

Член 17

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА СКОПЈЕ,** во "IV.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОНТРОЛА" во точката "54.ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор на лекови" бројот на извршители "5" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "4".**

Член 18

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ТЕТОВО,** во "I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДОМЕСТОЦИ И ПРИДОНЕСИ" во точката "6.ФЗО0102В02002"која гласи: "Стручен соработник за надоместок на лекови" бројот на извршители "2" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "3".**

Член 19

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ТЕТОВО,** во "I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДОМЕСТОЦИ И ПРИДОНЕСИ" во точката "7-А.ФЗО0102В04001"која гласи: "Соработник за пресметување и контрола на

надоместок на боледување" бројот на извршители "3" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "5".**

Член 20

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ТЕТОВО,** во "II. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" во точката "18.ФЗО0102Г03001"која гласи: "Книговодител-контер и трезорско работење" бројот на извршители "2" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "1".**

Член 21

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ТЕТОВО,** во глава "III. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗА И КОНТРОЛА", во точката "24.ФЗО0102В02002" која гласи: "Стручен соработник за следење на специјалистичко-консултативна здравствена заштита", во делот на видот на образование "Медицински, економски науки, стоматологија." **се менува и гласи: "Медицински, економски науки, стоматологија, организациони науки и управување (менаџмент).".**

Член 22

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ТЕТОВО,** во глава "III. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗА И КОНТРОЛА", во точката "28. ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор", во делот на видот на образование "Медицински науки, стоматологија" **се менува и гласи "Медицински науки, стоматологија, фармација".**

Член 23

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ТЕТОВО,** во "IV.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ" во точката "30-А.ФЗО0102В04001"која гласи: "Соработник за регресни побарувања" бројот на извршители "2" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "4".**

Член 24

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА БИТОЛА,** во " III.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗА, КОНТРОЛА И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" точката "20.ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за следење на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита" во делот на видот на образование "Организациски науки, информатика, правни науки." **се менува и гласи "Организациски науки, информатика, правни науки, јавна управа и администрација.".**

Член 25

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА БИТОЛА,** во "IV. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ" точката "29.ФЗО0102Г04001"која гласи: "Дактилограф", **се брише.**

Член 26

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КРАТОВО,** во точката "5.ФЗО0102В02002" која гласи: "Стручен соработник за следење на основните здравствени услуги во примарна здравствена заштита" бројот на извршители "2" **се брише и се заменува со нов број кој гласи: "1".**

Член 27

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КАВАДАРЦИ,** во "III. ОДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛИ И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" во точката "12-А. ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за следење на основните здравствени услуги во примарна здравствена заштита и трезорско работење" **бројот на извршители "1" се брише и се заменува со нов број кој гласи: "2".**

Член 28

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КАВАДАРЦИ,** во " II. ОДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛИ И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" точката "17.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Книговодител-контер и трезорско работење" **се брише.**

Член 29

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КАВАДАРЦИ,** во " II. ОДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛИ И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" точката "13.ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за корисничка подршка" во делот на видот на образование "Информатика и компјутерска техника, јавна администрација" **се менува и гласи "Информатика и компјутерска техника, јавна управа и администрација, индустриско инжинерство и менаџмент.".**

Член 30

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КАВАДАРЦИ,** во " II. ОДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛИ И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" точката "14.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Референт за следење на специјалистичко-консултативната здравствена заштита" во делот на видот на образование "ССС" **се менува и гласи "Медицина и/или средно стручно образование.".**

Член 31

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА БЕРОВО,** во " I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО" точката "2.ФЗО0102Б04006" која гласи: "Шеф на одделение за спроведување на здравствено осигурување" во делот на видот на образование "Правни науки, економски науки, медицински науки ." **се менува и гласи "Правни науки, економски науки, медицински науки, социјална работа и социјална политика.".**

Член 32

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА БЕРОВО,** во " I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО" точката "8.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Референт за пријави, одјави, боледување и ортопедски помагала" во делот на видот

на образование "Гимназија, кономско, медицинско." **се менува и гласи "Вишо/ средно гимназиско или среднос стручно образование.".**

Член 33

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА БЕРОВО,** во " I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО" точката "13.ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за следење на основните здравствени ускуги во примарна здравствена заштита" во делот на видот на образование "Социјална работа и социјална политика, јавна администрација" **се менува и гласи "Социјална работа и социјална политика, јавна управа и администрација, образование.".**

Член 34

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ВИНИЦА,** точката "10.ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор на придонес" во делот на видот на образование "Економски науки" **се менува и гласи "Економски науки, индустриско инжинерство и менаџмент.".**

Член 35

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ГОСТИВАР,** во " III.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗА И КОТРОЛА" точката "26.ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор за придонес" во делот на видот на образование "Економски науки" **се менува и гласи "Економски науки, јавна управа и администрација.".**

Член 36

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ДЕБАР,** точката "10.ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор на придонес" во делот на видот на образование "Економски науки" **се менува и гласи "Економски науки, организациони науки и управување (менаџмент).".**

Член 37

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КРИВА ПАЛАНКА,** точката "10.ФЗО0102В02002" која гласи: "Стручен соработник за следење на основните здравствени услуги во примарна здравствена заштита" во делот на видот на образование "Економски науки, правни науки" **се менува и гласи "Економски науки, правни науки, организациони науки и управување (менаџмент).".**

Член 38

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА СТРУГА,** во " II.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛА И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" точката "22.ФЗО0102В02002" која гласи: "Стручен соработник за следење на основните здравствени услуги во примарна здравствена заштита" во делот на видот на образование "Економски науки, правни науки" **се менува и гласи: "Економски науки, правни науки, организациони науки и управување (менаџмент) .".**

Член 39

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ВЕЛЕС,** во "I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДОМЕСТОЦИ, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ПРАВНО АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ" точката "9.ФЗО0102Г02001" која гласи: "Референт за пресметување и контрола на надоместок на боледување и ортопедски помагала" во делот на видот на образование: "Виша економска" **се менува и гласи: "Вишо/ средно гимназиско или среднос стручно образование".**

Член 40

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ПРОБИШТИП,** во точката "3.ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор" во делот на видот на образование "Медицински науки, стоматологија" **се менува и гласи "Медицински науки, стоматологија, економски науки.".**

Член 41

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА КИЧЕВО,** во 'II. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛА И ТРЗОРСКО РАБОТЕЊЕ' во точката "17.ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор за придонес" во делот на видот на образование: "Економски науки" **се менува и гласи: "Економски науки, јавна управа и администрација, политички науки.".**

Член 42

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА РЕСЕН,** во точката "3.ФЗО0102Г02001" која гласи: "Референт за пријави, одјави, боледувања и ортопедски помагала" во делот на видот на образование: "Виша економска" **се менува и гласи: "Вишо/ средно гимназиско или средно стручно образование.".**

Член 43

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ОХРИД,** во "I.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДОМЕСТОЦИ, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГ УРУВАЊЕ И ПРАВНО АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ" во точката "12.ФЗО0102Г04001" која гласи: "Оператор за издавање на ЕЗК" **бројот на извршители "1" се брише и се заменува со нов број кој гласи: "2".**

Член 44

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ОХРИД,** во "II.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛА И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" во точката "26.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Референт за следење на болничка здравствена заштита" **бројот на извршители "3" се брише и се заменува со нов број кој гласи: "2".**

Член 45

Во **ПОДРАЧНА СЛУЖБА ГЕВГЕЛИЈА,** во точката "15.ФЗО0102Г03001" која гласи: "**Книговодител контер и трезорско работење**" во делот на видот на образование "Економско, гимназија" **се менува и гласи "Вишо/ средно гимназиско или средно стручно образование".**

Член 46

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 47

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за здравство.

02- 10814/1
14-07-2022

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,

Дејан Николоски

Изготвил: Куштрим Халили/ Kushtrim Halili
Контролирал: Фатиме Идризи/Fatime Idrizi

Согласен: ВД ДИРЕКТОР, М-р Магдалена Филиповска Грашкоска
ДИРЕКТОР/ DREJTOR, Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA